**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-220/11 од 13.7.2026 година донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- **проф. д-р Соња Пеова,** редовен професор во пензија за наставно-научната област педијатрија – претседател;
- **проф. д-р Анета Демерџиева,** насловен вонреден професор за наставно-научната област педијатрија, вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје – член;
- **проф. д-р Валентина Велковска-Накова**, редовен професор за наставно-научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави 1 кандидат:

- **доц. д-р Марија Димитровска-Иванова**, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на педијатријата.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката доц. д-р Марија Димитровска-Иванова е родена на 23.7.1982 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех (5.00). Во учебната 2001/2002 година се запишува на студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломира на 3.12.2007 година со просечен успех 8,79 и се стекнува со стручниот назив доктор на медицина. По положувањето на стручен државен испит на 26 јуни 2008 година од страна на Лекарската комора на Република Македонија се здобива со Лиценца за работа.

Во 2008 година, со отворањето на Факултетот за медицински науки во Штип е вработена од Матичната комисија со Одлука бр. 0206-1200 како помлад асистент на научно поле фундаментални медицински науки на седницата одржана на 6.8.2008 година. Од 6 јули 2009 год. врз основа на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ се распоредува на Катедра за анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

На 3 мај 2010 година се запишува на специјализација по педијатрија на Клиниката за детски болести-Скопје при Медицинскиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје под менторство на проф. д-р Стојка Нацева-Фуштиќ.

На Факултетот за медицински науки продолжува да работи и со Одлука бр. 2502-118/12 на 68. седница на Наставно-научниот совет од 29.3.2012 година е избрана во соработничко звање – асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки.

На 133. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 29.1.2015 година, со Одлука бр. 2002-43/28 кандидатката ас. д-р Марија Димитровска-Иванова е избрана во асистент-докторанд од областа педијатрија.

На 18.3.2016 година успешно го положува специјалистичкиот испит и се стекнува со стручно звање специјалист по педијатрија.

Во октомври 2016 година се запишува на трет циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, насока Базични и клинички истражувања во медицината под менторство на проф. д-р Елизабета Зисовска и на 4.1.2021 година ја брани докторската дисертација на тема **„Корелација помеѓу секреторен имуноглобилин А од мајчиното млеко и alpha glutathione S transferase во серум кај доенчиња со акутен гастроентерит"** со просек 10,0 и се стекнува со научно звање доктор на медицински науки.

На 271. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 28.1.2022 година со Одлука бр. 2002-40/51 д-р Марија Димитровска-Иванова е избрана за насловен доцент за наставно-научната област – педијатрија.

На 14.3.2022 година доц. д-р Марија Димитровска-Иванова се запишува на супспецијализација по педијатриска гастроентерохепатологија на Клиниката за детски болести-Скопје при Медицинскиот факултет на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје под менторство на проф. д-р Ацо Костовски и проф. д-р Соња Бојаџиева и на 20.3.2024 година успешно го положува супспецијалистичкиот испит и се стекнува со стручен назив супспецијалист по педијатриска гастроентерохепатологија.

На 315. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 24.1.2024 година, со Одлука бр. 2002-35/7 насловен доцент д-р Марија Димитровска-Иванова е избрана за доцент за наставно-научната област – педијатрија.

Од 1.3.2015 година со преземање доц. д-р Марија Димитровска-Иванова започнува да работи на Одделението за педијатрија при ЈЗУ Клиничка болница -Штип како доктор на медицина, се до положувањето на специјалистичкиот испит на 18.3.2016 година кога со Решение е прераспределена на работната позиција специјалист по педијатрија, а од 20.3.2024 година по положување на супспецијалистичкиот испит е прераспределена на работна позиција супспецијалист по педијатриска гастроентерохепатологија.

За време на работниот век доц. д-р Марија Димитровска-Иванова повеќе пати била на усовршување. Од 1.6 до 31.7.2013 година била стипендист на Владата на Република Словенија и има студиски престој, едукација и тренинг за Цистична фиброза и педијатриска гастроентерологија на Детската клиника при Универзитетски клинички центар во Љубљана. Од 22 до 28.9.2013 година завршува обука од областа на педијатриската гастроентерологија во Салзбург-Австрија. Од 9 до 15.10.2016 година завршува обука од областа на Ургентна педијатрија во Салзбург-Австрија. Од 19 до 21.9.2019 година

завршува мастеркурс за педијатриска исхрана во Порто-Португалија. Од 18 до 21.5.2023 година завршува Мастеркурс за акутно болно дете во Падова-Италија. Од 1 до 4 јуни 2025 година завршува Обука за исхрана на деца и доенчиња со алергија на протеини на кравјо млеко во Утрехт, Холандија. Од 16 до 19.10.2025 година завршува Мастеркурс за Staying calm under pressure-acute pediatric survival tips во Варшава, Полска.

Доц. д-р Марија Димитровска-Иванова активно се служи со англиски јазик, работа со компјутери и статистичка обработка на податоци во Statistics 7,0 и SPSS.

Доц. д-р Марија Димитровска-Иванова е член на Лекарската комора на Република Северна Македонија, Македонско лекарско друштво и Здружението на педијатри на Република Северна Македонија.

Доц. д-р Марија Димитровска-Иванова е вработена со двојно вработување како педијатар-гастроентерохепатолог во ЈЗУ Клиничка болница – Штип и како доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 8.79.
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов **„Корелација помеѓу секреторен имуноглобилин А од мајчиното млеко и alpha glutathione S transferase во серум кај доенчиња со акутен гастроентерит”** е одбранета на 4.1.2021 година на Факултет за медицински науки при Униврезитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Објавени минимум 5 научни трудови во референтна научна публикација:

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Списание | Импакт фактор Година на излегување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Dimitrovska Ivanova Marija**, Ushinova Vesna, Jordanova Cepreganova, Natasha | *Hemorrhagic shock as a primary and unusual manifestation of gastric cancer* | Research in physical education sport and health. 2022 11 (1). pp. 117-120. | 2012 г |
| 2 | Simeonovska Joveva Elena, Karakolevska Ilova Marija, Petrovski Stefan, Jovev Marijan, Serafimov Aleksandar, **Dimitrovska Ivanova Marija** | *Association Between Inflammatory Markers and Cognitive Impairment in Patients with Asymptomatic Carotid Stenosis* | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2024 | 2008 г |
| 3 | **Dimitrovska Ivanova Marija**, Velkova Stanka, Karakolevska Ilova Marija, Simeonovska Joveva Elena | *IgE and non-IgE mediated symptoms assotiated with cow's milk protein allergy.* | Research in physical education sport and health, 2024, 13 (2). pp. 71-75. | 2012 г |
| 4 | **Dimitrovska Ivanova Marija**, Velkova Stanka, Karakolevska Ilova Marija, Simeonovska Joveva Elena, Sandeva Dragana | *Acute pancreatitits uncommon manifestation of cystic fibrosis? A case report.* | Research in physical education sport and health, 13 (2). pp. 39-44. | 2012 г |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | **Dimitrovska Ivanova Marija**, Karakolevska Ilova Marija, Simeonovska Joveva Elena | *Role of breast milk secretory immunoglobulin A in infants from 7-12 months of age with acute gastroenteritis.* | Journal of Contempotaty Medical Sciences, 2025, 11 (4). pp. 267-271. | IF= 0.4<br>2015 г |
| 6 | Palcevska-Kocevska Snezana, Demerdzieva Aneta, **Dimitrovska Ivanova Marija**, Jovanovska Jana, Serafimova, Martina | *Congenital granular cell epulis (CGCE) in a female newborn – Case Report.* | MEDICUS – International Medical Journal, 2025, 30 (3): 446. pp. 98-100. | 2004 г |
| 7 | **Dimitrovska Ivanova Marija,** Demerdzieva Aneta, Simeonovska Joveva Elena, Karakolevska Ilova Marija, Bezovska Gordica, Coneska-Jovanova Biljana, Palcevska-Kocevska Snezana | *Food protein induced enterocolitis syndrome in infancy.* | Research in Physical Education, Sport and Health, 2025, 14 (2): 8. pp. 55-58. | 2012 г |
| 8 | **Dimitrovska Ivanova Marija**, Demerdzieva, Aneta Karakolevska Ilova Marija, Simeonovska Joveva Elena, Bezovska Gordica, Coneska-Jovanova Biljana, Palcevska-Kocevska Snezana | Complicated community-acquired pneumonia caused by Streptococcus pneumoniae | Research in Physical Education, Sport and Health, 2025 14 (2): 9. pp. 59-62. | 2012 г |
| 9 | **Dimitrovska Ivanova Marija,** Simeonovska Joveva Elena, Karakolevska Ilova Marija, Demerdzieva Aneta, Coneska-Jovanova Biljana, Palcevska-Kocevska Snezana | *Macroamylasemia in a two year old boy as the first manifestation of celiac disease: A Case Report.* | Case Reports in Gastroenterology, 2026, 20 (1). | IF= 0.6<br>2007 г |
| 10 | Choneska-Jovanova Biljana, Demerdzieva Aneta, **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Palcevska-Kocevska Snezana, Nikchevska Natasha, Jovanovska Aleksandra | *Infantile hemangioma of the genital region: A Case Report* | SVOA Paediatrics, 2026, 5(3) pp 126-130 | IF= 1.9<br>2022 |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – англиски јазик.
- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Марија Димитровска-Иванова има 18-годишна академска кариера со пет избори од помлад асистент, асистент, асистент-докторанд, насловен доцент и доцент од областа на педијатријата.

**Посебни услови:**

- Со Одлука бр. 2002-199/31 од 4.9.2024 година на 324. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ е усвоен извештајот - рецензија на ракописот за скрипта „Нега на дете со заболување на гастроинтестинален систем” од авторите: доц. д-р

Марија Димитровска-Иванова, насловен вонр. проф. д-р Анета Демерџиева, насловен доц. д-р Билјана Чонеска-Јованова и насловен доц. д-р Снежана Пелчевска-Коцевска.

- Со Одлука бр. 2002-207/7од 20.8.2025 година на 344. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" е усвоен извештајот - рецензија на ракописот за скрипта „Современ пристап во негата на болното дете" од авторите: насловен вонр. проф. д-р Анета Демерџиева, насловен доц. д-р Билјана Чонеска-Јованова, доц. д-р Марија Димитровска-Иванова и насловен доц. д-р Снежана Пелчевска-Коцевска.
- Доц. д-р Марија Димитровска Иванова е член на работна група COST Action CA23110 проект - International networking on in vitro colon models simulating gut microbiota mediated interactions (INFOGUT), а од јули 2026 година е член на комитет на проект COST Action CA25109 (IMPACT) – Integrated Management and Personalised Approaches for Autoimmune Hepatitis Care and Tretament.
- Доц. д-р Марија Димитровска-Иванова во последните пет години била ментор на студенти за изработка на дипломски трудови од студиските програми по општа медицина и медицинска сестра техничар, била член на голем број комисии за одбрана на дипломски труд, ментор е на доктори-специјализанти запишани на специјализација по педијатрија и била претседател на Комисија за одбрана на специјалистички испит по педијатрија.
- Доц. д-р Марија Димитровска-Иванова е ментор и на студенти од странство (Италија, Полска, Чешка, Турција) од Еразмус програмата и е вклучена во нивната едукација и запознавање со дијагноза и третман на заболувањата во детската возраст.
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)= 30; (НИ)=131 ; (САОР)=5 или вкупно 166 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Доц. д-р Марија Димитровска-Иванова со Одлука бр. 0206-1200 од 6.8.2008 г. е избрана во помлад асистент на научно поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука бр. 2502-118/12 на 68. седница на Наставно-научниот совет од 29.3.2012 година е избрана во соработничко звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки. Со Одлука бр. 2002-43/28 на 133. седница на Наставно-научниот совет од 29.1.2015 е избрана во асистент-докторанд од областа педијатрија. На 271. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 28.1.2022 година со Одлука бр. 2002-40/51 д-р Марија Димитровска-Иванова е избрана во насловен доцент за наставно-научната област педијатрија. На 315. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 24.1.2024 година, со Одлука бр. 2002-35/7 насловен доцент д-р Марија Димитровска-Иванова е избрана во доцент за наставно-научната област педијатрија.

Во учебната 2008/2009 д-р Марија Димитровска-Иванова е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 1 и Анатомија 2, Хистологија со ембриологија 1 студиска програма за општа

медицина, Анатомија, Патологија со патофизиологија студиска програма за медицинска сестра/ техничар, физиотерапевт и медицински лаборант.

Во учебната 2010/2011 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 1, Анатомија 2, Анатомија 3 студиска програма општа медицина, Анатомија 2 студиска програма за Дентална медицина, Анатомија и физиологија на око програма за оптометрија, Физиологија студиски програми по медицинска сестра/ техничар, физиотерапевт и медицински лаборант, забен техничар протетичар. Педијатрија со нега студиски програми за медицинска сестра/ техничар и Педијатрија за студиската програма физиотерапевт.

Во учебната 2011/2012 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 1 и Анатомија 2 за студиската програма по Општа медицина, Анатомија 1 и Анатомија 2 за студиската програма по Дентална медицина и Педијатрија со нега за студиската програма по медицинска сестра/техничар.

Во учебната 2012/2013 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 2 студиска програма по Општа медицина, Анатомија студиски програми за медицинска сестра/ техничар, физиотерапевт и медицински лаборант и акушерки, Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега и Основи на Педијатрија студиска програми по медицинска сестра/ техничар.

Во учебната 2013/2014 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Педијатрија 1 и Педијатрија 2, Фетална анатомија и малформации за студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега студиски програми по медицинска сестра/ техничар, физиотерпапевт, Педијатрија вежби како дел од 12-ти семестар за студиската програма по Општа медицина.

Во учебната 2014/2015 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега на новороденче студиска програма за акушерки, Педијатрија со нега студиска програма за медицинска сестра/ техничар, Неонатологија со нега на новороденче студиска програма за акушерки, Педијатрија вежби како дел од 12-ти семестар за студиската програма по Општа медицина.

Во учебната 2015/2016 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма за Општа медицина, Педијатрија со нега студиска програма за медицинска сестра/ техничар, Педијатрија со нега на новороденче студиска програма за акушерки.

Во учебната 2016/2017 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега студиска програма за медицинска сестра/ техничар.

Во учебната 2017/2018 и 2018/2019 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма Општа медицина.

Во учебната 2019/2020 и 2020/2021 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2

студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега на новороденче, Неонатологија со нега на новороденче и Фетална анатомија и малформации студиска програма за акушерки, Педијатрија со нега за студиска програма медицинска сестра/техничар и Медицинска етика за студиските програми Медицинска сестра/техничар, Акушерки, Физиотерапевти и Лаборанти.

Во учебната 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 година е ангажирана за реализација на предавања и вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега за студиска програма медицинска сестра/техничар. Исто така, д-р Марија Димитровска-Иванова е ангажирана за реализација на предавања и вежби од втор циклус студии по предметот Патронажна нега на новородено за студиската програма Дипиломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за семејна и патронажна сестра.

Во сегментот на публикација на учебни помагала, доц. д-р Марија Димитровска-Иванова учествува како автор и коавтор во изработка на две рецензирани скрипти по педијатриска гастроентерохепатологија и педијатрија и истите се наменети за студентите од студиските програми по општа медицина, како и медицинска сестра/техничар.

Д-р Марија Димитровска-Иванова сите овие години активно со свои трудови, предавања и презентации учествува на многу едукации, конгреси, конференции и симпозиуми во странство и во земјата од областа на педијатријата. Од 1.6 до 31.7.2013 година била стипендист на Владата на Република Словенија и има студиски престој, едукација и тренинг за цистична фиброза и педијатриска гастроентерологија на Детската клиника при Универзитетски клинички центар во Љубљана. Од 22 до 28.9.2013 година завршува обука од областа на педијатриската гастроентерологија во Салзбург-Австрија. Од 9-15.10.2016 година завршува обука од областа на ургентна педијатрија во Салзбург-Австрија. Од 18 до 24 јуни 2017 г. учествува на Педијатриската школа во Златибор, Србија. Била член на Организацискиот одбор и предавач на стручно-научната конференција „Социјални детерминанти и здравјето на населението“ во 2018 година. Активно учествува со свое предавање на 41. Европска конференција за цистична фиброза, 2018 година, 6. конгрес на Здружението за превентивна педијатрија на Србија, 2019 година, Работилница на Здружение на лекари за добра клиничка пракса, април 2019 година, 7. Конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, јуни 2019 година, European Academy of Pediatrics Congress, Португалија, 2019 година, Mastercourse of nutrition, Португалија, 2019 година. Во октомври 2022 година во Барселона, Шпанија, д-р Марија Димитровска-Иванова активно учествува со две предавања на 9th Congress of the European Academy of Paediatric Societies. Има активно учество на 10th European Academy of Pediatrics Congress и Mastercourse of Acute ill child, Падова, Италија, 2023 година. Во мај 2024 година активно учествува со предавање на Трет конгрес на студенти по општа медицина, а во септември истата година во Будва, Црна Гора, учествува со предавање на Првиот конгрес на Здружението на педијатри на Црна Гора со меѓународно учество. Во април 2025 година активно учествува со предавање на тема „Предизвици во дијагностицирање на ентероколитичен синдром предизвикан од протеини од храна“ во склоп на Меѓународен симпозиум

„Новини во педијатриска пулмологија", а истата година во мај е претседател на Научниот одбор на 4. Конгрес на студенти на медицина со меѓународно учество и има предавање од областа на педијатриската гастроентерохепатологија. Во октомври 2025 година има активно учество со предавање на Конгрес организиран од Европската академија за педијатрија во Варшава, Полска. Во јануари 2026 година во Гданск, Полска, активно учествува на настан 6th ACEPLORATION - Brain, Body & Leraning-Shaping Future, организиран од ACE$^2$ –EU Alliance. Во април и мај 2026 година активно со свои предавања учествува на 4. Интернационален конгрес на Педијатриското респираторно здружение „Педиарес" и Првиот интернационален конгрес организиран од ПАГНИА и Здружение на неонатолози на Р Македонија. Од 2017 година до денес доц. д-р Марија Димитровска-Иванова е акредитиран испитувач при Лекарската комора на Република Северна Македонија за стручен испит на доктори на медицина за стекнување со лиценца за работа.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија последните 5 години:**

1. **Dimitrovska-Ivanova Marija,** Ushinova Vesna, Jordanova Cepreganova, Natasha.(2022) Hemorrhagic shock as a primary and unusual manifestation of gastric cancer. Research in physical education sport and health.11 (1). pp. 117-120.

Целта на овој труд е да прикаже атипична клиничка презентација на карцином на желудникот кој се манифестира со акутно обилно горнодигестивно крварење и хеморагичен шок. Пациентот е иницијално стабилизиран, реализирана е езофагогастродуоденоскопија и биопсија со патохистолошки наод на аденокарционом на желудник поради што е направена тотална гастректомија. Овој труд има за цел да укаже дека редовните скрининг прегледи помагаат во навремена дијагноза и третман на овие заболувања.

2. Simeonovska Joveva Elena, Karakolevska Ilova Marija, Petrovski Stefan, Jovev Marijan, Serafimov Aleksandar, **Dimitrovska-Ivanova Marija**. (2024) Association Between Inflammatory Markers and Cognitive Impairment in Patients with Asymptomatic Carotid Stenosis. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences

Асимптоматската каротидна стеноза го зголемува ризикот од когнитивно оштетување. Таргетирањето на воспалителните маркери би довело до забавување на атеросклеротичниот процес и развој на каротидна стеноза. Невропсихолошките тестови, исто така, треба да се користат како стандарден метод за евалуација за да се избере најсоодветниот терапевтски пристап кај пациенти со висок степен на асимптоматска каротидна стеноза.

3. **Dimitrovska Ivanova-Marija**, Velkova Stanka, Karakolevska Ilova Marija, Simeonovska Joveva Elena (2024). IgE and non-IgE mediated symptoms assotiated with cow's milk protein allergy. Research in physical education sport and health, 13 (2). pp. 71-75.

Доколку веднаш се појават акутни и објективни симптоми на кожата (акутна уртикарија, ангиоедем), респираторниот тракт (стридор, свирење во градите) или системски реакции (анафилакса) или до 2 часа по јасна историја на внесување млечни производи, тогаш протеини на кравјо млеко треба строго да се исклучат. Треба да се изврши тестирање за специфичен IgE против протеини на кравјо млеко или SPT со природно кравјо млеко или

формула од целосни протеини. Алергија на протеини на кравјо млеко може да се претпостави со голема веројатност ако тестирањето за специфичен IgE е позитивно. Во оваа ситуација, тестот за орален предизвик може да се изостави. На детето треба да му се даде строга диета без протеини на кравјо млеко за период од најмалку 1 година пред да се изврши орален предизвик со храна. Позитивен тест за специфичен IgE во времето на дијагнозата предвидува подолг период на нетолеранција во споредба со оние деца кои имаат негативни тестови. Прогнозата на алергијата на протеини на кравјо млеко кај доенчиња и во раното детство е добра. Приближно 50% од засегнатите деца развиваат толеранција до возраст од 1 година, >75% до возраст од 3 години, а >90% се толерантни на 6-годишна возраст.

**4. Dimitrovska-Ivanova Marija**, Velkova Stanka, Karakolevska Ilova Marija, Simeonovska Joveva Elena, Sandeva Dragana (2024). Acute pancreatitits uncommon manifestation of cystic fibrosis? A case report. Research in physical education sport and health, 13 (2). pp. 39-44.

Симптоматскиот панкреатит е невообичаена манифестација кај цистична фиброза (CF) бидејќи се јавува исклучиво кај пациенти со цистична фиброза (CF) со доволен панкреас. Скринингот за новороденчиња и подобрените панели за техники за мутација на ДНК откриваат поретки и некласични слики на болеста, генерално поврзани со панкреасна инсуфициенција и со зголемен ризик од развој на панкреатит. Но, дијагнозата на ограничен број пациенти со CFTR-RD не е јасна. Постои сива зона помеѓу CFTR-RD и CF. Ако сме многу блиску до критериумите потребни за да се идентификуваат овие лица како пациенти со CF, претпочитаната опција е да се означат како CFTR-RD и затоа да се следат најмалку еднаш годишно. Некои од овие пациенти со CFTR-RD никогаш нема да ги исполнат критериумите за да бидат класифицирани како CF. Во случај на други пациенти со CFTR-RD, неколку години подоцна овие лица ќе напредуваат до дијагноза на CF и ќе бараат следење во центрите за CF. Благодарение на напредокот во науката и нашето знаење за дисфункцијата на CFTR кај пациенти со CF и CFTR-RD, постои уверување дека дијагнозата и третманот на овие нарушувања ќе се подобрат.

**5. Dimitrovska-Ivanova Marija**, Karakolevska Ilova Marija, Simeonovska Joveva Elena (2025). Role of breast milk secretory immunoglobulin A in infants from 7-12 months of age with acute gastroenteritis. Journal of Contempotaty Medical Sciences, 11 (4). pp. 267-271

Целта на оваа студија беше да се утврди дали секреторниот имуноглобулин А од мајчиното млеко има заштитен ефект врз цревниот епител и дали влијае на сериозноста на клиничката слика и времетраењето на симптомите на акутен гастроентеритис, во зависност од видот на исхрана на доенчето. Вкупно 35 доенчиња со акутен гастроентеритис беа поделени во две групи врз основа на начините на хранење (вид на млеко и немлечна храна). Индикаторите што се оценуваа вклучуваа сериозност на симптомите, потребата од парентерална рехидратација и степенот на дехидратација. Пронајдовме статистички значајна поврзаност помеѓу припадноста на групата и резултатите од тестот sIgA помеѓу првата и втората група (P = 0,004933), како и во просечната вредност на sIgA во столицата (P = 0,000788). Ротавирусот беше најчеста причина за акутен гастроентеритис. Присуството на sIgA во мајчиното млеко кај доенчињата се чини дека влијае на сериозноста

на акутниот гастроентеритис со намалување на фреквенцијата на повраќање, бројот и сериозноста на епизодите на дијареја, ризикот од умерена и тешка дехидратација и инциденцата на треска.

**6.** Palcevska-Kocevska Snezana, Demerdzieva Aneta, **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Jovanovska Jana, Serafimova, Martina (2025). Congenital granular cell epulis (CGCE) in a female newborn – Case Report. MEDICUS – International Medical Journal, 30 (3): 446. pp. 98-100.

Конгениталниот грануларен клеточен епулис (CGCE) е невообичаен тумор кој се гледа само кај новороденче. Обично има тенденција да расте на предниот алвеоларен гребен на новороденчињата, повеќе на максилата отколку на долната вилица. Овој случај покажува невообичаена мултифокална дистрибуција, која ги вклучува и јазикот и долната вилица, истакнувајќи ја широката клиничка варијабилност на CGCE. Раното пренатално препознавање на CGCE е од клучно значење. Пренаталното снимање со употреба на ултразвук или МРИ може да идентификува големи или мултифокални лезии, овозможувајќи навремено планирање на породувањето и подготовка за потенцијално управување со дишните патишта. Раното откривање, исто така, го олеснува мултидисциплинарното координирање за да се обезбеди оптимална неонатална нега. Неонаталната болест може да се забележи пред раѓањето, при преглед на пренатална нега, како што е ултразвукот. Иако повеќето случаи традиционално се дијагностицираат постнатално, интеграцијата на пренаталниот скрининг може значително да ги подобри перинаталните исходи. Препознавањето на атипични или обемни орални лезии пред раѓањето им овозможува на клиничарите да ги предвидат предизвиците, да ги намалат компликациите и да обезбедат целни интервенции веднаш по породувањето. Раната дијагноза и хируршкиот третман на CGCE се неопходни за да се избегне функционално оштетување. Прогнозата е одлична по целосна ексцизија. За повеќекратни CGCT, усвоена е едноставна хируршка интервенција. Овој извештај ја нагласува важноста од свесност за атипичните презентации на CGCE, спроведување темелни орални прегледи на новороденчиња и проактивно користење на пренатално снимање кај сомнителни случаи.

**7. Dimitrovska Ivanova Marija,** Demerdzieva Aneta, Simeonovska Joveva Elena, Karakolevska Ilova Marija, Bezovska Gordica, Coneska-Jovanova Biljana, Palcevska-Kocevska Snezana (2025). Food protein induced enterocolitis syndrome in infancy. Research in Physical Education, Sport and Health, 14 (2): 8. pp. 55-58.

За дијагноза на акутен FPIES, пациентот мора да го исполни главниот критериум, а тоа е повраќање 1 до 4 часа по внесувањето храна без класични симптоми посредувани од IgE од кожата и респираторниот систем, и најмалку три споредни критериуми (Nowak-Wegrzyn et al., 2017). Споредните критериуми вклучуваат повторена реакција на иста или различна храна, летаргија, бледило, потреба од итна медицинска помош, парентерална рехидратација, дијареја во рок од 24 часа, хипотензија и хипотермија. Нашиот случај ги исполни критериумите за акутен FPIES, иако почетната холестаза и покачените ензими на црниот дроб бараа понатамошно испитување. Лекувањето на FPIES зависи од сериозноста на клиничката презентација. Благите форми на акутен FPIES (1-2 епизоди на повраќање, без летаргија) може да се третираат дома со орални раствори за рехидратација, додека перзистентната гадење и

повраќање со умерена дехидратација (> 3 епизоди на повраќање) со орален ондансетрон. При тешка клиничка презентација (тешка летаргија, хипотонија, хипотермија), пациентите треба да бидат хоспитализирани и итно третирани бидејќи 15-20% од овие пациенти може да развијат хиповолемичен шок. Најважниот дел од третманот е да се врати хемодинамиката со агресивна рехидратација со изотонични раствори и по почетната стабилизација, да се продолжи со парентерална рехидратација. FPIES останува предизвикувачка дијагноза поради, неспецифична презентација и недостаток на потврдувачки биомаркери. Раното препознавање, правилното управување со исхраната и структурираното следење се клучни за спречување на компликации и постигнување поволни исходи. Потребни се понатамошни истражувања за да се разјаснат основните механизми, да се идентификуваат биомаркерите и да се развијат стандардизирани протоколи за дијагноза и третман.

**8. Dimitrovska Ivanova Marija,** Demerdzieva, Aneta Karakolevska Ilova Marija, Simeonovska Joveva Elena, Bezovska Gordica, Coneska-Jovanova Biljana, Palcevska-Kocevska Snezana (2025). Complicated community-acquired pneumonia caused by Streptococcus pneumoniae Research in Physical Education, Sport and Health, 14 (2): 9. pp. 59-62.

Пневмонијата стекната во заедницата е една од најчестите причини за педијатриски хоспитализации во светот, а исто така и во нашата земја. Микробиолошката идентификација е предизвикувачка, бидејќи собирањето на респираторни примероци кај децата е проблематично во споредба со возрасните. Мал дел од децата со пневмонија стекната во заедницата ќе развијат плеврален излив или емпием. Чести предизвикувачки организми се Streptococcus pneumoniae и Staphylococcus aureus. Комплицирана пневмонија стекната во заедницата треба да се посомнева кај секое дете со пневмонија кое не реагира на соодветна антибиотска терапија во рок од 48-72 часа. Новите конјугирани вакцини против Streptococcus pneumoniae придонесоа за намалување на радиолошките, клиничките и случаите на комплицирана пневмонија и ги намалија хоспитализациите и морталитетот. Неуспехот на вакцината PCV13 може да резултира со комплицирана пневмонија со емпием. Раното откривање на комплицирана пневмонија е важно и треба да се посомнева ако детето не реагира на антибиотска терапија по 48-72 часа. Имиџинг дијагностиката е важна во евалуацијата на деца со комплицирана пневмонија. Микробиолошката дијагноза е предизвикувачка, особено кога предизвикувачкиот агенс е од бактериска етиологија. Молекуларните дијагностички тестови имаат предност, особено PCR. Прогнозата на комплицирана CAP е добра без клинички и радиолошки последици и без последици врз функцијата на белите дробови кај повеќето деца.

**9. Dimitrovska Ivanova Marija,** Simeonovska Joveva Elena, Karakolevska Ilova Marija, Demerdzieva Aneta, Coneska-Jovanova Biljana, Palcevska-Kocevska Snezana (2026). Macroamylasemia in a two year old boy as the first manifestation of celiac disease: A Case Report. Case Reports in Gastroenterology, 20 (1).

Макроамилаземијата е ретко биохемиско нарушување кај кое молекулата на амилазата се врзува за други макромолекули, најчесто имуноглобулин A или G. Зголемената молекуларна тежина на овој комплекс го намалува бубрежното излачување на ензимот, што резултира со хронично покачени нивоа на серумска амилаза. Може да биде поврзана со различни

состојби кои не се поврзани со панкреасот, вклучително и целијачна болест. Во некои пријавени случаи, макроамилаземијата се решила со диета без глутен. Двегодишно момче се јавило со тримесечна историја на абдоминална болка, анемија и опстипација. На физикален преглед со параумбиликална осетливост. Лабораториските тестови покажаа хипохромна анемија; покачена серумска амилаза (171 U/L); ниско серумско железо (2,5 µmol/L); дефицит на витамин D3 (15,9 ng/mL) и ниска амилаза во урината со однос на клиренс на амилаза/креатинин под 1%, што ја потврдува макроамилаземијата. Имеџинг студиите беа нормални. HLA типизацијата го откри хаплотипот HLA-DQ2. Серологијата за целијакија беше позитивна за tTG-IgA (87,55 IE/mL) и EMA-IgA (1:>100). Дуоденалната биопсија со патохистолошки наод за Марш тип IIIb. Беше започната исхрана без глутен заедно со суплементација со железо и витамин D3. Симптомите се решија во рок од два месеци, со нормализација на нивоата на серумска амилаза и зголемување на телесната тежина од над 1 кг. Целијачната болест треба да се земе предвид кај пациенти со необјаснета макроамилаземија, дури и во отсуство на класични гастроинтестинални симптоми. Примарниот третман во вакви случаи е строга исхрана без глутен, што може да доведе до нормализација на нивоата на серумска амилаза кога макроамилаземијата е поврзана со целијачна болест.

**10.** Choneska-Jovanova Biljana, Demerdzieva Aneta, **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Palcevska-Kocevska Snezana, Nikchevska Natasha, Jovanovska Aleksandra (2026) Infantile hemangioma of the genital region: A Case Report. SVOA Paediatrics, 5(3) pp 126-130 ISSN 2755-1660.

Инфантилните хемангиоми (ИХ) се најчестите бенигни тумори во доенчињата, со преваленца од 4,5%; помалку од 1% од овие тумори се наоѓаат во гениталниот регион. Ова е случај на 6-неделно бебе кое се јавува со ИХ во гениталниот регион. Физичкиот преглед откри голем генитален кавернозен хемангиом со димензии 5 × 4 см, кој ги вклучуваше големите усни, малите усни и клиторисот. Дополнително, неколку хемангиоми беа забележани во долниот абдоминален ѕид. Неиндуриран чир со димензии 1 × 1 см со добро дефинирани маргини и основа покриена со гранулационо ткиво беше забележан на десната голема усна кај пациентката. Ултрасонографијата на абдоменот, мозокот и срцето и ЕКГ беа нормални. Започнавме терапија со пропранолол (1 mg/kg) во болничко опкружување, со 24-часовно следење на можните несакани ефекти. Терапијата беше добро толерирана и не беа забележани несакани ефекти. По една недела, дозата на пропранолол беше зголемена на 2 mg/kg во амбулантски услови. По две недели, имаше одличен одговор на терапијата; хемангиомот почна да се намалува во волумен, а улцерацијата исчезна. На возраст од 16 месеци, ја прекинавме терапијата со пропранолол кога хемангиомот речиси целосно исчезна. Гениталната инвазивна болест е ретка, но е поврзана со висок ризик од улцерација и можно функционално оштетување. Доколку е индицирана терапија, пропранололот е ефикасен во третманот на инвазивна болест; сепак, треба да се користи внимателно, а пациентите мора внимателно да се следат за несакани ефекти.

Во рамки на научноистражувачката дејност, доц. д-р Марија Димитровска-Иванова е автор на 9 предавања, усни и постер презентации на научни и стручни собири, кои се печатени во зборници на трудови од научни собири, во земјата и во странство:

**11. Dimitrovska Ivanova, Marija**. *Unusual case of acute viral hepatitis in a 5 year old girl.* The 9th Congress of the European Academy of Paediatric Societies, 7-11 Oct 2022, Barcelona (2995-2997 page) (постер презентација)

**12. Dimitrovska Ivanova, Marija**, Kostovski, Aco, Bojadzieva, Sonja, Jovcevski, Lazar, Cepreganova-Jordanova, Natasha, Josifoska, Elena, Simonovska, Elena, Murtezani, Avdi *Crohn's colitis in a 10 year old boy.* The 9th Congress of the European Academy of Paediatric Societies, 7-11 Oct 2022, Barcelona (постер презентација)

**13. Dimitrovska Ivanova Marija**. *Новини во дијагностика и третман на Целијачна болест кај децата.* Трет конгрес на студенти по Општа медицина, 17-18 May 2024, Stip, Macedonia. Зборник со трудови (22 стр.) (усно предавање)

**14. Dimitrovska Ivanova, Marija**. *Angioedema and Atopic dermatitis assotiated with cow's milk protein allergy.* Prvi Kongres Udrizenja pedijatara Crne Gore sa medunarodnim ucescem: Inovacije u pedijatriji - u sustret novim izazovima, 19-22 Sept 2024, Budva, Crna Gora. Зборник на трудови (154 стр.) (усно предавање)

**15. Dimitrovska Ivanova Marija**. *Challenge in diagnosing food protein induced enetrocolitis syndrome.* Меѓународен симпозиум: Новини во педијатриска пулмологија, 25-27 април, 2025, Струга, Р. Северна Македонија. Зборник на трудови (106 стр.) (усно предавање)

**16. Dimitrovska Ivanova Marija**. *Treatment of functional constipation in children Re-Evaluating Approaches.* 4th International Students Congress of Medicine, 15-17 May 2025, Multimedial center Stip.Зборник на апстракти (37 стр.) (усно предавање)

**17. Dimitrovska-Ivanova Marija**. Функционална опстипација. Стручен собир, 24 мај 2025 година, Штип, Р Северна Македонија (усно предавање)

**18. Dimitrovska Ivanova Marija**. *Acute gastroenteritis as initial clinical presentation of autoimmune pancreatitis.* European Academy of Paediatrics Congress and Mastercourse, 16-19 Oct 2025, Warsaw, Poland. Зборник на апстракти (s 63 стр.) (усно предавање)

**19. Dimitrovska Ivanova, Marija.** *Поврзаност на цревната микробиота со нутритивни алергии и атописки дерматит.* 4-ти Интернационален конгрес на Педијатриското респираторно здружение Педиарес, 24-26 Apr 2026, Skopje (усно предавање)

**20. Dimitrovska-Ivanova Marija**. *Functional constipation in children - reevaluation of the diagnostic and therapeutic approach.* Congress Multidisciplinary approach for healthy childhood – our shared care, PAGNIA, Macedonian Neonatal Assotiaition, 08-10 May, 2026 Struga, North Macedonia.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Доц. д-р Марија Димитровска-Иванова, заедно со група автори во изминатиот период објавија две рецензирани скрипти „Нега на дете со заболување на гастроентестинален систем" и „Современ пристап во негата на болното дете". Во скриптата „Нега на дете со заболување на гастроинтестинален систем" се опфатени најновите протоколи за дијагностика, третман и нега на децата со заболувања на гастроинтестинален систем утврдени од страна на Европското здружение за педијатриска гастроентерохепатаологија и исхрана, Американската академија за педијатрија, Светската здравствена организација и Центарот за контрола и превенција на болести. Оваа скрипта е наменета за студентите од Високата медицинска школа насока Медицинска сестра/

техничар, но истата поради големиот број на нови информации во однос на дијагностиката и третманот на заболувањата на гастроинтестиналниот систем, можат да ја користат и студентите по општа медицина како надополнување на основниот материјал по предметот Педијатрија.

Скриптата „Современ пристап во негата на болното дете" е наменета за студентите од Високата медицинска школа кои во својата едукација имаат предмет од областа на педијатриската нега, но истата поради основните принципи во работа со болното дете, можат да ја користат и студентите по општа медицина како надополнување на основниот материјал по предметот Педијатрија.

Доц. д-р Марија Димитровска-Иванова е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Одделението за педијатрија во Клиничка болница - Штип. По завршувањето на суспецијализацијата започна со работа суспецијалистичката амбуланта за педијатриска гастроентерохепатологија и ултразвична дијагностика на абдомен кај деца која е единствена во источниот дел на државата.

**Доц. д-р Марија Димитровска-Иванова е член на следните институциски органи:**

1. Лекарската комора на Р. Северна Македонија;
2. Македонското лекарско друштво;
3. Здружение на педијатри на Македонија

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамки на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Марија Димитровска-Иванова е научен истражувач со резултати кои придонесуваат во областа на педијатријата и педијатриската гастроентерохепатологија. Учествувала на меѓународни научни конференции, научни и стручни собири и работилници, во земјава и во странство, со постери и усни презентации. Автор и коавтор е на учебни помагала, научни трудови во списанија со фактор на влијание и стручни трудови, и е дел од интернационални научноистражувачки проекти. Во рамки на наставно-педагошката дејност, доц. д-р Марија Димитровска-Иванова дала значаен придонес како наставник на сите предмети од областа на педијатријата од прв циклус на студии при ФМН, како и предмет од втор циклус на Високата медицинска школа.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за општите и посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката доц. д-р Марија Димитровска-Иванова во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање вонреден професор за наставно-научната област

педијатрија. Од целокупната активност на доц. д-р Марија Димитровска-Иванова може да се заклучи дека кандидатката остварува значителен напредок во научноистражувачката дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во списанија со фактор на влијание, како и повеќето публикации во меѓународни списанија, бројните презентации на научни и стручни собири во земјава и во странство. Истовремено, кандидатката остварува континуиран прогрес и во наставно-образовната дејност и стручно-апликативната дејност.

**Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере доц. д-р Марија Димитровска-Иванова во звањето вонреден професор за наставно-научната област педијатрија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Соња Пеова, редовен професор во пензија, претседател, с.р.
Проф. д-р Анета Демерџиева, насловен вонреден професор, член, с.р.
Проф. Д-р Валентина Велковска Накова, редовен професор, член, с.р.

## ПРИЛОГ
## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| 1 | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор – бр. 5, 9) | | | 2 | 15 | 30 |
| 2 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | | | 1 | 5 | 5 |
| 3 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор – бр. 1, 3, 4, 7,8) | 5 | 9 | | | 45 |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори – бр. 2, 6) | 2 | 3 | | | 6 |
| 5 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 1 | 3 | | | 3 |
| 6 | Учество на научен собир со реферат (постер), концерт во земјава и во странство (бр. 10, 11) | | | 2 | 2 | 4 |
| 7 | Учество на научен собир со реферат (усно), концерт во земјава и во странство (12,13,14,15,17,18,19) | 5 | 1,5 | 2 | 2 | 11.5 |
| 8 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 9 | Одбранета супспецијализација | 1 | 6 | | | 6 |
| 10 | Учесник во научен проект | | | 1 | 3 | 3 |
| 11 | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 2 | | | 2 |
| 12 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | 1 |
| 13 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **131** |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| 1 | Член на институтски орган, комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| 2 | Учество на стручен собир со реферат (усно) ( бр. 16) | 1 | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **166** |